This project is funded by the European Union

# ОПИС НА НАДЛЕЖНОСТИ

## БАРАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ – 3 (тројца) експерти/обучувачи и 1 (еден) ИТ експерт, во РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „Рамноправноста низ призма на статистиката“

Здружението Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ) објавува повик за **тројца (3) експерти/обучувачи и 1 (еден) ИТ експерт** за потребите на проектот **„Рамноправноста низ призма на статистиката“**.

Проектот е финансиран од Европската Унија, преку програмата за грантови „Поддршка на граѓанското општество“, во рамки на Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР) 2021. Проектот е спроведуван од Асоцијацијата за демократска иницијатива (АДИ) и Опција за здрав живот Скопје (ХОПС).

**Општа цел на проектот:** да придонесе во елиминирање на дискриминацијата и промовирање на еднаквоста со што ќе се овозможи унапредување на владеењето на правото и демократските институции во земјата преку дефиниран и имплементиран специфичен модел за собирање податоци и систем за мерење на дискриминацијата во транспарентен, инклузивен и партиципативен процес.

**Специфична цел на проектот:** изготвување и усвојување методологија за собирање податоци за мерење на дискриминацијата, вклучувајќи индикатори, интензивна работа на градење капацитети на одговорните институции и спроведување пилот тест на анкета на конкретна основа „Да се покаже дека функционира во пракса“.

### 1. Очекувани резултати

- Воведен одржлив систем за собирање податоци за мерење на дискриминацијата како предуслов за креирање инклузивни политики.
- Зајакнати капацитетите на државните институции и другите релевантни чинители да собираат, евидентираат и обработуваат податоци за мерење на дискриминацијата.
- Развиени и тестирани алатки за собирање податоци на специфични заштитни основи и области.

## 2. ДОМЕН НА РАБОТА

### 2.1 Опис на задачата

Во рамките на проектните активности предвидено е:

- Изработка на програма за јакнење на капацитети на сите релевантни чинители за борба

против дискриминацијата и промовирање на еднаквоста преку собирање податоци и развивање политики засновани на докази.

- Спроведување на обука за обучувачи чија содржина ќе опфати сесии за модел на собирање податоци, систем и методологија и алатки и методи за учење на возрасни.
- Спроведување на 6 (шест) каскадни тренинзи за собирање податоци за мерење на дискриминација.
- Спроведување на 1 (еден) модул за е-учење за собирање податоци за мерење на дискриминација за државната администрација и другите засегнати страни пилотиран преку 1 (една) обука за модул за е-учење со група од 50 државни службеници;
- Модулот за е-учење ќе нуди интерактивно учење со најмногу 20 страници текст и 2 теста, вклучувајќи кратки видео и аудио материјали до 5 минути, со вкупно време на учење до 3 часа.

## 3. ВРЕМЕНСКА РАМКА

### 3.1 Датум на започнување и период на спроведување на задачите

За ден на започнување на активностите се смета денот на потпишување на договорот помеѓу АДИ и избраните експерти. Услугите треба да се испорачаат најдоцна до 01.08.2025 година. Точните датуми за активностите, спроведувањето на мониторингот и доставувањето на извештаите ќе се утврдат во договор со АДИ.

### 3.2 Цена

Вкупните планирани финансиски средства, според финансискиот план и активностите се распределени на следниот начин:

**6.250 евра** бруто износ во денарска противвредност, **за 25 работни денови**, за изработка на програма за јакнење на капацитети на сите релевантни чинители за борба против дискриминацијата и промовирање на еднаквоста преку собирање податоци и развивање политики засновани на докази.

**2.500 евра** бруто износ во денарска противвредност, **за 10 работни денови**, за спроведување на **1 (една) обука** за обучувачи чија содржина ќе опфати сесии за модел на собирање податоци, систем и методологија и алатки и методи за учење на возрасни.

**9.000 евра** бруто износ во денарска противвредност, **за 36 работни денови**, за спроведување на **6 (шест)** каскадни тренинзи за собирање на податоци за мерење на дискриминација.

**9.500 евра** бруто износ во денарска противвредност, **за 38 работни денови**, за спроведување на е-

This project is funded by the European Union

модул за собирање податоци за мерење на дискриминација за државната администрација и другите засегнати страни пилотиран преку 1 (една) обука за модул за е-учење со група од 50 државни службеници.

Трошоците паѓаат на товар на проектот „Рамноправноста низ призма на статистиката".

### 3.3 Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на планираните активности, односно доставување на продуктите и извештај од реализираните активности од страна на експертите/добавувачот.

## 4. КРИТЕРИУМИ

**4.1** Изборот на експертите/добавувачот ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда. Изборот ќе се направи според принципот „најдобра понудена вредност (квалитет) за дадена цена".

### 4.2 Критериуми за експертите

***Квалификации и вештини:***

- Високо образование од областа на општествените науки (политички, правни, социолошки);
- Учество на обуки, конференции и останати настани поврзани со областа на човекови права, антидискриминација;
- Вештини за анализа, истражување и пренос на информации во писмена и усмена форма;
- Одлични комуникациски и организациски вештини;

***Професионално искуство***

- Најмалку 10 години професионално работно искуство во собирање податоци, подготовка на анализи, програми, извештаи, подготовка и испорака на обуки од областа на човекови права, антидискриминација и слично;

***Специфично професионално искуство***

- Искуство во подготовка на анализи, извештаи, документи, програми и испорака на обуки од областа на човекови права и антидискриминација.
- Објавени анализи и публикации.

### 4.2.1 Критериуми за ИТ експертот

***Квалификации и вештини:***

- Универзитетска диплома од областа на информатичката технологија;
- Одлични комуникациски и организациски вештини

This project is funded by the European Union

*Професионално искуство*

- Најмалку пет години релевантно работно искуство во областа на развој на софтвер, веб или дизајн на инфраструктура;
- Знаење и способност за јасно дефинирање на техничките барања за бараните производи.

*Специфично професионално искуство*

Искуство во изработка на е-модули, апликации и сл.

## 5. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Начинот на кој можете да се пријавите детално е опишан во документот „Барање за прибирање на понуди", кој е составен дел од тендерската документација.